**Известување за концентрација со која Бонд УК МидЦо 4 Лтд ќе стекне единствена контрола врз БАСФ Оператинг Дивизион Коатингс, Германија**

**(предмет бр. 08-171 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 26.11.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое Бонд УК МидЦо 4 Лтд, со седиште на 47 Есппланаде, ул. Хелиер, Џерси, ЈЕ1 ОБД, има намера да стекне единствена контрола директно над БАСФ Оператинг Дивизион Коатингс која моментално е под контрола на БАСФ СЕ, европска акционерска корпорација (*Социетас Еуропеа*) со седиште на Карл-Бош-Страсе 38, 67056 Лудфигсхаген, Германија, по пат на купопродажба на удели.

**-Бонд УК МидЦо 4 Лтд** е специјално основано друштво за аквизиции, индиректно во сопственост на CP VIII Participations S.à r.l., SICAR и CAP VI Masterco Sàrl, кои се фондови советувани и/или управувани од поврзани друштва на The Carlyle Group Inc. (заедно со своите контролирани фондови и поврзани субјекти, во понатамошниот текст наречени „Carlyle" или „Група на стекнувачот").

Карлајл е глобална инвестициска фирма со 465 милијарди американски долари средства под управување, распределени во три деловни сегменти: (i) Глобален приватен капитал (вклучувајќи корпоративни фондови за приватен капитал и фондови за недвижности); (ii) Глобален кредит (вклучувајќи ликвиден кредит, неликвиден кредит и кредит за реални средства); и (iii) Carlyle AlpInvest (вклучувајќи примарни, секундарни и ко-инвестиции, комбинирани фондови и посебно управувани сметки).

1. **Друштво за трговија и услуги ХСО ГЛОБАЛ СЕРВИЦЕС ДООЕЛ Скопје**, со регистрирана адреса на ул. Максим Горки бр.13/1-4, зграда 1 К.К2, Скопје – Центар, Република Северна Македонија и регистрирана дејност– Компјутерски консултантски услуги (**„**ХСО ГЛОБАЛ СЕРВИЦЕС ДООЕЛ Скопје");

2. **Друштво за развој и производство на софтвер МАК СИСТЕМ СОФТВЕР ДООЕЛ Скопје**, со регистрирана адреса на ул. Лондонска бр.1, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија и регистрирана дејност– Други услуги поврзани со информатичка технологија и компјутери (**„МАК СИСТЕМ СОФТВЕР ДООЕЛ Скопје"**);

3. **Друштво за производство, трговија и информатички услуги ДЕПТ ТЕХНОЛОЏИ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**, со регистрирана адреса на ул. Максим Горки бр.13, кат 3 – Деловен центар Настел, Скопје – Центар, Република Северна Македонија и регистрирана дејност–Компјутерско програмирање (**„ДЕПТ ТЕХНОЛОЏИ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје"**)

**-БАСФ Оператинг Дивизион Коатингс** е германска јавно котирана хемиска компанија. Компанијата работи на глобално ниво преку шест различни сегменти: Хемикалии, Материјали, Индустриски решенија, Исхрана и грижа, Површински технологии и Агрикултурни решенија. Поттикната од иновации, Продавачот има за цел да го комбинира

економскиот успех со заштитата на животната средина и општествената одговорност, обезбедувајќи услуги и производи за клиенти од различни индустриски сектори.

**БАСФ Коатингс** се состои од три различни деловни единици: (i) Третман на површини („ECT Бизнис“); (ii) Автомобилски OEM премази („ECO Бизнис“); и (iii) Автомобилски репаратурни премази („ECR Бизнис“).

Целната група нема директни или индиректни подружници или филијали во Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

28.11.2025 година

Скопје